РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-245/13
30.01.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК

## од втората седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 21.01.2025 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен и д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Магдалена Д.довлева, Емилија Јаневска, Маја Дамевска.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, Лазо Петрушевски ја отвори втората седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13:35 часот и се одржа во просториите на АВМУ, конференциска сала, втори кат.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за“ го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од првото продолжение на 47-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 02.01.2025 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 1-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 02.01.2025 година.
3. Предлог-правилник за регистрирање на давателите на услуги платформа за споделување видеа.
4. Предлог-одлука за поништување на Одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на радиодифузер.
5. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТДР СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ.
6. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТДР СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, за прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ.
7. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ.

8. Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Непрофитна радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9.

9. Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица.

10. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Услуга од приватна агенција за вработување.

11. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Ревизорски услуги.

12. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Авионски билети.

13. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Финансиско-осигурителни услуги.

14. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 6 гласа „за“ го усвои предложениот Записник од првото продолжение на 47-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 02.01.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 6 гласа „за“ го усвои предложениот Записник од првата редовна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 02.01.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права, Магдалена Д.Довлева го презентираше Предлог-правилник за регистрирање на даватели на услуги платформа за споделување видеа. Таа објасни дека потребата за донесување на овој Правилник произлегува од член 144б од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, каде што е утврдена надлежноста на Агенцијата да ги пропише формата и содржината на Образецот за пријавување на давателите на услуги на платформи за споделување видеа. Овие даватели се должни да ги поднесат потребните документи за регистрација во регистарот, што претставува предуслов за започнување на нивната дејност. Во моментов, не постои ниту еден давател на ваква услуга кој е под наша јурисдикција. Потенцираше дека се преземени сите неопходни активности за да се исполни оваа законска обврска, да се изработи и усвои Правилникот, и да се обезбедат услови за регулирано вршење на оваа дејност. Нацрт верзија на Правилникот беше усвоена на 12 декември минатата година. Јавната расправа за текстот е завршена, при што не беа доставени никакви забелешки. Со тоа, текстот кој е презентиран е во својата конечна форма, идентичен со претходно усвоената верзија.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Правилник за регистрирање на давателите на услуги платформа за споделување видеа, со текст како што беше предложено.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Правилникот за регистрирање на даватели на услуги платформа за споделување видеа да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски истакна дека точно пред десет месеци, беше донесена Одлука за промена на сопственичката структура на телевизијата Клан. За жал, и по изминатиот период од десет месеци, оваа промена сѐ уште не е спроведена во Централниот регистар. Формално, состојбата во регистарот сѐ уште ја рефлектира претходната сопственичка структура, што значи дека промената не е официјално реализирана. Во јуни месец минатата година, беше упатено известување до телевизијата Клан за да се утврдат причините за неспроведувањето на промената. Како одговор, тие известија дека активностите за реализација на промената се во тек и дека истата ќе биде спроведена во најкраток можен рок. Но, неколку месеци подоцна, повторно беше констатирано дека Одлуката на Советот на АВМУ сѐ уште не е спроведена. Во декември, телевизијата повторно беше известена и повикана во разумен рок да ја имплементира донесената Одлука. Меѓутоа, до денес, на нашето известување и барање за реализација не е добиен никаков одговор. Неспроведувањето на оваа Одлука, по изминат период, отвора прашања за законитоста на првично донесената Одлука. Имено, може да е настаната промена на фактичката состојба, поради што условите што биле исполнети во моментот на донесувањето на Одлуката можеби веќе не се релевантни. Редовните проверки од страна на АВМУ за исполнување на условите за избегнување медиумска концентрација дополнително предизвикаа финансиско оптоварување за институцијата. Со оглед на тоа што Одлуката на Советот на АВМУ не е спроведена во Централниот регистар и дека не постои никаква иницијатива од страна на телевизијата Клан за нејзина реализација, се предлага Советот да ја поништи Одлуката за промена на сопственичката структура.

Г-дин Трајчев рече, како што истакнал директорот, дека сите разумни рокови се поминати, но и покрај тоа, Агенцијата продолжува да сноси трошоци поради неспроведувањето на Одлуката донесена од страна на Советот на АВМУ. Од друга страна, беше потенцирано дека можеби е потребно повторно разгледување и доработка на самата Одлука. Тоа би вклучувало внимателна ревизија согласно со законските одредби, со цел точно да се адресираат ситуациите и потенцијалните проблеми. Предложи Стручните служби да изнајдат соодветна и прецизна формулација на Одлуката, која би можела да се имплементира на поефикасен начин. Важно е да се размисли за сите аспекти за да се најде најдобро решение, кое ќе биде ефективно ставено во сила, во согласност со законските и практичните околности.

Г-дин Зоран Фиданоски го праша г-динот Трајчев дали предлага да се отфрли формулацијата „поништување“ од диспозитивот на Одлуката?

Г-дин Трајчев нагласи дека Одлуката треба да се преработи, а Стручните служби ќе треба да утврдат како најсоодветно да се направи тоа. Тој посочи дека ваквата формулација, во моменталната форма, не е прифатлива и дека треба да се најде

поцелосно и ефективно решение. Според него, Одлуката не може да остане во сегашната форма подолго време.

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска изјави дека при разгледувањето на можностите за поништување на Одлуката, го земале предвид и членот 42 од ЗААВМУ кој беше спомнат во дискусијата. Таа објасни дека условите наведени во овој член не се применливи во конкретната ситуација. Според членот 42 од ЗААВМУ, Агенцијата може да поништи Одлука за спроведување на промена во сопственичката структура само доколку истата е донесена врз основа на неточни или нецелосни податоци, за што одговорноста би била на радиодифузерот. Митревска нагласи дека таква ситуација не постоела во моментот кога беше донесена оваа Одлука за промена во сопственичката структура. Таа додаде дека, иако повторно ја разгледуваат оваа можност, основите наведени во член 42 сè уште не се применливи во овој случај.

Г-дин Трајчев објасни дека не предлага да се следи член 42, туку дека тој член само предвидува кои ситуации можат да доведат до поништување на Одлуката. Според неговото толкување, во оваа конкретна ситуација не постојат услови за поништување на Одлуката согласно член 42, па затоа таа не може да се поништи. Тој предложи дека треба да се најде друго решение, како што е на пример ставање на Одлуката вон сила. Како крајна цел, треба да се донесе соодветна одлука која ќе биде во согласност со законите. Трајчев истакна дека оваа Одлука не е во согласност со член 42, кој ги наведува основите за поништување, и ја понуди својата сугестија да се најде соодветна формулација за решавање на проблемот.

Г-дин Фиданоски ја изнесе својата интерпретација на предлогот на колегата Трајчев, според кој се предлага укинување или ставање вон сила на Одлуката. Според Фиданоски, ова би дозволило Советот да донесе нова Одлука. Тој нагласи дека ова решение генерално му е прифатливо. Предложи Одлуката да биде подготвена за следната седница, со цел да се постигне едногласност меѓу членовите на Советот и да се продолжи со следење на процедурите согласно прописите.

Г-дин Трајчев дополнително, предложи дека кога во иднина ќе се носат одлуки за одобрување на промена на сопственичката структура, треба да се утврди конкретен рок за спроведување на тие промени. Во актуелната ситуација, не беше поставен рок за спроведување на Одлуката. Агенцијата истакна дека имала ситуација во која не била преземена дејност цели 10 месеци, што создаде проблеми и одложување на постапките. Затоа, нагласи дека треба да се воведат рокови за да не се дозволи повторување на вакви ситуации во иднина, и да се осигура дека процесите ќе бидат завршени во разумен рок.

Г-дин Јанчески посочи дека оваа ситуација во која се наоѓаат сега, е прв ваков случај во последните десетина години и произлегува од недоречености во Законот. Предложи да се идентификуваат вакви и слични празнини во законските одредби кои оневозможуваат да се постапува брзо и ефикасно. Потребно е да поднесат предлог до Собранието за измена на ЗААВМУ со цел ваквите ситуации да бидат прецизно регулирани. Неопходно е да се ограничи времето за одговор на радиодифузерите, бидејќи не можеме бесконечно да оставаме простор за нивна реакција. Предлага овие измени да бидат составен дел од Законот, за да се избегнат вакви неодредени ситуации. Дополнително, сите недоследности, непотполности и непрецизности кои ги

забележале во нивното работење низ годините, треба да се разгледаат како пакет и да се доставаат до Собранието со цел да се бара нивно разрешување преку соодветни измени на законските одредби. Ова ќе придонесе за поефикасно, поекономично и поорганизирано работење, бидејќи ваквите недостатоци носат дополнителни трошоци и создаваат непотребни пречки во извршувањето на активностите.

Г-дин Петрушевски посочи дека Агенцијата низ изминатите години имала слични предлози. Препорача дискусијата на колегата Јанчески да се земе предвид при идните разгледувања и одлуки. Иако Агенцијата директно не поднесува предлози до Собранието, смета дека преку соработка со Министерството може да се иницира предлог за преформулирање и појаснување на прашањата што ги спомена г-дин Јанчевски. Постојат многу слични ситуации во законите кои Агенцијата редовно ги забележувала и на кои укажувала. Сепак, останува неизвесно дали тие предлози ќе бидат прифатени или разгледани.

Г-дин Ајдини изјави дека ги разгледал сите дописи со радиодифузерот хронолошки и нагласил дека, како член на Советот, неколку пати се обидел да воспостави контакт со претставниците на ТРД КЛАН Телевизија. Причините поради кои телевизијата не успеала да ја спроведе промената на сопственичката структура му останале непознати и не биле во нивна надлежност. Изразил жалење што повеќе од 10 месеци телевизијата не успеала да ја реализира промената на сопственичката структура. Тој се согласи со предлогот на колегата Трајчев. Дополнително, забележал дека на страна 14 од вкупниот материјал имало техничка грешка, каде што пишувало „Р.Албанија, Приштина". Потенцирал дека тоа требало да биде коригирано во „Р.Албанија, Тирана" или „Р.Косово, Приштина", со цел да се избегне каква било забуна.

Г-дин Петрушевски ја сумираше дискусијата од седницата и забележа дека сите се согласиле дека не треба да се носи одлуката во тој момент. Предложил Советот да донесе Заклучок според кој ќе се доработи и допрецизира стариот материјал. Материјалот ќе бидат ревидиран и претставен на следна седница.

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги едногласно донесе Заклучок да се допрецизира и доработи Одлуката за поништување на Одлуката Уп1 бр.02-74 од 21.03.2024г. со која се дозволува промена на сопственичката структура на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје.

**Точка 5 и 6**

Претседателот на Советот, Лазо Петрушевски предложи Точките 5 и 6 да се образложат во еден вовед и една заедничка дискусија, бидејќи се работи за ист радиодифузер, а потоа секоја од нив да се гласа поединечно.

Раководителката на Секторот за програмски работи, Емилија Јаневска ги презентираше Извештаите од надзорот, спроведени во ноември 2024 година, кои се однесуваат на прекршувања кај ТВ Спектра. Првото прекршување се однесува на член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според кој програмите треба да се емитуваат на македонски јазик или јазик на заедницата со превод. Надзорот утврдил емитување на српски, англиски и албански јазик без превод на македонски. Се предлага мерка јавна опомена со рок од 10 дена за усогласување.

Второто прекршување е на член 92 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кој бара минимум 30% македонски аудиовизуелни дела во

програмата. Утврдено е дека ТВ Спектра емитувала 21,91%, што е значително помалку од потребното. Јаневска заврши со предлог за изрекување мерки и контроли за проверка на усогласувањето.

*Гласање по Точка 5*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.4790/1 од 19.11.2024 година и едногласно заклучи на ТДР СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ, затоа што на 04 ноември 2024 година, во неколку програмски содржини се емитувани делови од говорот на странски јазици (српски, или англиски, или албански), без притоа да бидат преведени на македонски јазик.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 10 дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Се задолжува Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Се задолжува Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Се задолжува Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 6*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-4739/1 од 19.11.2024 година и едногласно заклучи на ТДР СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ, затоа што на 4 ноември 2024 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Се задолжува Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Се задолжува Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Се задолжува Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 7**

Раководителката на Секторот за програмски работи, Емилија Јаневска објасни дека прекршувањето кај радиодифузерот ТВ ДУЕ е утврдено во рамките на редовен административен надзор спроведен во ноември 2024 година. Според член 51 став 1 од ЗААВМУ, радиодифузерите се обврзани да обезбедат информации што ќе бидат лесно достапни за корисниците на јасен, директен и постојан начин. Овие информации треба да ги вклучуваат: целосното име на давателот на услугата, адресата на седиштето, контактните податоци и информациите за релевантното регулаторно тело. При спроведениот надзор е утврдено дека ТВ ДУЕ не ги исполнува овие обврски, односно не ги обезбедува потребните информации во рамките на програмата. Поради овие пропусти, се предлага да се изрече мерка – јавна опомена, со рок за усогласување од 20 дена од денот на приемот на Решението. По истекот на овој рок, ќе биде спроведен контролен надзор за да се утврди дали радиодифузерот се усогласил со изречената мерка.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.10-4887/1 од 21.11.2024 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ, затоа што на 04 ноември 2024 година, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 8**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 5 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Јанчески донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери, за „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ во Скопје – Непрофитна радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 9**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери, за Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 10**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Услуга од приватна агенција за вработување. Посочи дека Јавните набавки за 2025 година започнуваат со реализација согласно Годишниот план за јавни набавки, како и соодветната финансиска рамка за планската година. Во рамките на овие набавки, е планирана услуга од приватна агенција за вработување, со цел да се задоволат потребите на Агенцијата за пополнување на одредени работни позиции кои можат да се појават како неопходни во текот на годината, особено поради фактот дека ова е изборна година. Набавката ќе биде спроведена во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки, користејќи отворена постапка. Процедурата ќе започне со објавување на јавен оглас. Поради отворената постапка, огласот ќе биде објавен на електронскиот систем за јавни набавки, во Службен весник на Република Македонија, како и во Службениот гласник на Европската Унија. Сите дополнителни информации и детали за оваа јавна набавка се содржани во материјалите што се доставени до членовите на Советот за оваа седница.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Услуга од приватна агенција за вработување.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Услуга од приватна агенција за вработување, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2025 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025-та година.

**Точка 11**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Ревизорски услуги. Посочи дека Агенцијата има законска обврска да достави ревизорски извештај до Собранието, кој ќе биде изготвен од овластено ревизорско друштво. За таа цел, ќе се спроведе постапка за јавна набавка, во согласност со Законот за јавни набавки, а со оглед на тоа дека станува збор за набавка од мала вредност, постапката ќе се одвива преку објавување на оглас во електронскиот систем за јавни набавки. Дополнителните информации за оваа набавка се содржани во материјалите што се доставени до членовите на Советот за оваа седница.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Ревизорски услуги.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Ревизорски услуги, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2025 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025-та година.

**Точка 12**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Авионски билети. Посочи дека како и претходните набавки, и оваа, како и следните, се дел од Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата, а потребните средства се обезбедени во финансискиот план. Оваа конкретна набавка е наменета за обезбедување на услугата за авионски билети, според потребите на Агенцијата. Со оглед на проценетата вредност на оваа набавка, таа ќе се спроведе преку поедноставена отворена постапка, во согласност со Законот за јавни набавки. Процесот ќе започне со објавување на оглас на Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) и во Службен весник на Република Македонија.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Авионски билети.

**Точка 13**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Финансиско – осигурителни услуги. Посочи дека и оваа набавка, како и претходните, е предвидена во годишниот план за јавни набавки и финансискиот план на Агенцијата. Овие два елементи – планирањето во годишниот план и обезбедувањето средства во финансискиот план – се основни предуслови кои мора да бидат исполнети за да се започне која било постапка за јавна набавка. Набавката ќе се спроведе како постапка од мала вредност, со објавување на оглас во Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН). Процесот ќе започне откако ќе се заврши пописот и ќе бидат познати сите податоци за проценетите средства кои ќе бидат потребни.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Финансиско-осигурителни услуги.

**Точка 14**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**